Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 и 11[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), член 15 став 1 алинеја 8 и член 39 став 1 алинеја 3 и 11 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, а во врска со член 23 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата арх.бр.02-320/4 од 24.01.2020 година и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-2808/2 од 19.07.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 27 седница одржана на 19.07.2022 година, донесе:

# НАЦРТ – **Упатство за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка**

## Член 1

Во Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година и бр.01-6038/1 од 20.10.2015 година, преамбулата се менува и гласи:

„Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 и 11[2] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), член 15 став 1 алинеја 8 и член 39 став 1 алинеја 3 и 11 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, а во врска со член 23 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.__________ од ___.___.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата ___-та седница одржана на ___.___.2022 година, донесе:“

## Член 2

Во глава „II. Рокови за постапување по решенијата за преземање мерка“, во насловот „Издавач на печатен медиум“, во точка 3 став 1 се вршат следните измени:

- во алинејата 2 зборовите „на член 7 (одговорен уредник) и на член 12 (импресум)“ се заменуваат со зборовите: „на член 8 (одговорен уредник) и на член 14 (импресум)“;
- во алинејата 3 зборовите „на член 13 (јавност во работата)“ се заменуваат со зборовите: „на член 15 (јавност во работата)“.

## Член 3

Во глава „II. Рокови за постапување по решенијата за преземање мерка“, во насловот „Радиодифузер“ се вршат следните измени и дополнувања:

- во точка 5:

---

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18).

[2] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18).

- зборовите „во рок од 15 (петнаесет) дена“ се заменуваат со зборовите: „во рок од 10 (десет) дена“;
- алинејата 11 се брише.

- во точка 6:

- зборовите „во рок од 30 (триесет) дена“ се заменуваат со зборовите: „во рок од 20 (дваесет) дена“;
- алинејата 10 се менува и гласи: „член 92 ставови 1, 2 и 3 (македонски аудиовизуелни дела)“;
- алинејата 11 се менува и гласи: „член 92 став 4 (обврска за емитување музика кај радио програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис)“;
- по алинејата 11, се додава нова алинеја 12 која гласи: „- член 80 ставови 7, 8 и 9 (обврска на ТРД радио програмски сервиси за емитување на доброволно пријавената музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници) и
- алинејата 12 станува алинеја 13.

- точка 7 се менува и гласи:„ Радиодифузерот е должен во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението за преземање мерка-опомена да го усогласи своето работење со член 8 (одговорен уредник) и член 14 (импресум) од Законот за медиуми и подзаконските акти донесени од страна на Агенцијата, а во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на решението за преземање мерка-опомена да го усогласи своето работење со член 15 (јавност во работата) од Законот за медиуми и подзаконските акти.“

**Член 4**

Во глава „II. Рокови за постапување по решенијата за преземање мерка“, во насловот „Оператор на јавна електронска комуникациска мрежа“, во точка 8 став 1 алинејата 4 се менува и гласи: „- член 143 (реемитување на програмски сервиси надвор од сервисната зона и задолжително и бесплатно реемитување на сите програмски сервиси на јавниот радиодифузен сервис“.

**Член 5**

Во глава „II. Рокови за постапување по решенијата за преземање мерка“, насловот „Исклучок од утврдените рокови“ и точка 14 се заменуваат со зборовите:

***„ Мерки во случај на повреда на прописите***

14. Мерките пропишани во член 23 став 1 алинеи 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата ги изрекува по следниот редослед:

- јавна опомена, доколку мерката се изрекува за прв пат во тековната година,
- ќе поведе прекршочна постапка во случај кога и покрај изречената јавна опомена во тековната година не го прекине прекршувањето и продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменат.

За констатираните прекршувања во тековната година, за кои веќе биле изречени мерки во претходната година, Советот на Агенцијата повторно ќе изрече мерка јавна опомена според роковите утврдени во ова Упатство.“

**Член 6**

Во останатиот дел Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година и бр.01-6038/1 од 20.10.2015 година не се менува.

**Член 7**

Ова Упатство за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка од страна на Агенцијата, влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува од 1 јануари 2023 година, и ќе се објави на веб страната на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Бр. 01-2883/1
20.07. 2022 година
С к о п ј е

Агенција за аудио
и аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Совет,
______________________
Лазо ПЕТРУШЕВСКИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Agjencia për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele
СКОПЈЕ / SHKUP